УДК 821.163.3-1.09(049.3)
УДК 929Шопов, А.(049.3)

**Трајче Стамески**

# ПРИКАЗ КОН *100 ГОДИНИ ШОПОВА СВЕТЛИНА* ОД КРИСТИНА НИКОЛОВСКА

Почитувани,

Ми претставува голема чест што имам можност да кажам неколку збора за најновата книга *100 години Шопова светлина* на проф. д-р Кристина Николовска, која во самиот наслов ја сугерира посветата на големиот јубилеј пред кој е исправена нашата севкупна книжевна, научна и културна сцена – 100 години од раѓањето на великанот на македонската книжевност и култура, еден од основачите на современата македонска поезија, амбасадор на нашата култура низ светот – големиот поет Ацо Шопов.

Токму во оваа, 2023 година, свечена година за сите нас љубопитни истражувачи, толкувачи и читатели на поезијата на Ацо Шопов, македонската книжевна продукција се збогати со книгата на Кристина Николовска, која внесува нов и значаен интерпретативен влог во науката за книжевноста и предизвик, кој, според зборовите на авторката е мисија на „откривањето на Шоповата светлина, растајнувањето на неговата поетика“.

Уште од овие зборови може да се насети огромна почит и, би рекол, света љубов на авторката Николовска кон поетското дело на Ацо Шопов. Па, така, низ страниците на оваа книга, читателот е во перманентно чувствување на интерпретативниот занес и креативниот влог на авторката да ги долови и да ги протолкува клучните поетолошки концепти на неговата арс поетика на најдобар можен начин.

Од формално-композициски аспект книгата *100 години Шопова светлина* е составена од деловите: *Вовед, Кон лирскиот дом на Шопов, Критиката за Ацо Шопов, Аспекти, Доминанти, Заклучни согледби* и *Разговорница со Јасмина Шопова*. За полесна експликација, во овој текст

ние ќе се обидеме нив да ги синтетизираме на две подеднакво важни книжевно-теориски области:

1. метатекстуалност и
2. поетски доминанти.

Што се однесува до метатекстуалноста, се чини дека авторката поставила цел да истражи и да интерпретира една книжевна проблематика што честопати била релативно некохерентно третирана во минатото од страна на книжевната наука. Соочена со предизвикот на умножениот метатекст, авторката на мошне успешен начин прави неопходна селекција и систематизација на метатекстовите, употребувајќи ја цитатноста, како клучна оперативна методолошка алатка, и тоа, на најмалку две рамништа:

- ијахрониска функција на метатекстот и цитатот и
- метатекстот во функција на поетиката.

Како специјалист од областа на теоријата на книжевноста, авторката Николовска имплицитно нè потсетува на неопходните релации меѓу (мета)текстот и реципиентот, артикулирани преку општоприфатеното мислење за природната предност на современиот читател-истражувач во достапноста на постојните метатекстови за потребите на истражувањата. Селекцијата на метатекстовите во овој дел од книгата ни дозволува да ја согледаме нивната ефективност на дијахрониски план, најчесто, преку постапката на последователност на разни форми на цитатност. На тој начин, авторката Николовска ги проследува сите развојни фази на творештвото на Ацо Шопов: од поезијата на револуцијата, периодот на интимизмот и интроспекцијата, па сè до поезијата на апстрактното и метафизичкото, што претставува неопходна научна поставеност на проблематиката.

Втората улога на метатекстот е да ја артикулира севкупноста на поетските особености на поезијата на Ацо Шопов. Тука метатекстот е во корелација со природата на предметот на интерпретацијата и ги иницира толкувањето и вреднувањето на клучните есенцијални поетички карактеристики и естетски квалитети на неговото поетско творештво. Токму поради тоа авторката Николовска ја постулира парадигмата на неодминливите значенски феномени како: тишината, зборот, огнот, небиднината, црното сонце и др., како појдовно и конечно рамниште на нејзината херменевтика. Но, важно е да се напомене, дека во овој дел, предметот на нејзиниот научен интерес е реинтерпретацијата на посочените метатекстови од важни авторитети, како, Гане Тодоровски, Анте Поповски, Димитар Митрев, Георги Старделов, Илинка Митрева, Александар Прокопиев и други, збогатувајќи ја сопствената интерпретација преку можностите на метаметатекстуалноста.

Според, тоа, иако е индикативна интенцијата на авторката Николовска за реактуелизацијата на метатекстовите за целите на сопственото научно истражување на проблематиката, исто така видлива е и јасната намера за интерпретативно надоврзување на претходните ставови и перспективи, како и за креативно (современо) толкување на оние „празнини“ или „нагорени“ места во метатекстовите на претходниците, кои авторката Николовска одлично ги познава, издржано ги детектира и научно ги реинтерпретира.

Поетски доминанти – Аспекти

Од теориските дискурси е познато дека целината може да се опфати само доколку се истражуваат сите нејзини аспекти. Авторката Николовска посочува: „Шопов – може да се растолкува преку повеќе аспекти, од кои вдлабувањето во носечките симболи би значело да се објасни нивната природа, функционалност и оперативност. Наша цел е да навлеземе во внатрината на дискурсивните процеси на оваа величествена поезија – преку научни херменевтички процедури.“ Очигледно, мултидимензионалноста на научниот објект на опсервација наложила методолошка неопходност од длабинска потрага по генезата на значењата во поезијата на Ацо Шопов. Експлицитната страна на овие вертикални, длабински процеси, авторката ги согледува преку доминантите симболи: тишина, нетишина, збор, оган, молитва, небиднина, црно сонце и др.

Тишина

Интерпретирајќи ја тишината како филозофема од пресвртничката стихозбирка *Слеј се со тишината* од 1955 год. на Ацо Шопов, авторката, всушност, ја актуализира клучната егзистенцијално-философска дилема: дали може да се одгатне, да се растајни тишината? Каква е поврзаноста на тишината и раѓањето на зборот? Каква е врската меѓу тишината и нетишината?

Во своите философски промислувања, Платон го постулира концептот на ноуменот, како сè она промислено што може да се осознае само со духот или со чистата мисла. За Платон ноумените се сите интелегибилни појави, особено идеите, за разлика од сè она што може да се забележи со сетилата и што претставува појава или феномен. Подоцна и Кант го постулира терминот *ноуменал* за да го опише сето она што духот го открива во феномените, но кое не може да се перципира. Токму затоа, според оваа теорија, секоја идеја може да биде осознаена само со помош на интелектуалната интуиција.

Ако ја препрочитаме антологиската песна на Ацо Шопов *Во тишина* низ ваквиот философски објектив, уште во првиот стих „Ако носиш

нешто неизречено“ е содржана идејата за осознеаниот субјект или оној кој ЗНАЕ. Но, интересно е тоа што во песната знаењето не создава дистанца со незнаењето, напротив, осозениот субјект, колку и да е во состојба на контемплација, саморазговор, имплицира тивка комуникативност со реципиентот. Длабоката сугестивност на песната го поставува читателот во интроспективен процес на себеосознавање, на себеоткривање. Когнитивноста е во совршена корелација со емоционалноста. Ноуменот, како апсолутна идеја на авторот, се трансформирал во феноменот на искуственото сознание „тишината сама ќе го рече.“, кое потоа, поетот го манифестира, преку можностите на поетскиот јазик, во песна-слика, како контемплативна драма на човековата личност.

Не случајно авторката Николовска вели: „И така сите ние, вљубени и внесени во поезијата, од таа важна 1955 година почнавме да ги читаме тишините поинаку, подлабоко, повеќеслојно.“

Но, зошто?

Затоа што во тишината, па и во нетишината се создава смислата. За авторката Николовска тишината е ‘креативен феномен’, активен процес со силна антрополошка вредност и се поврзува со епистемолошкото сфаќање за генезата на прапостоењето, на раѓањето на зборот во праегзистенцијата. И, токму во овој дел книгата нуди мошне убедливи експликации на феноменот на раѓањето и на антропоморфизација на зборот, преку интерпретирањето на симболиката на долгото патување на огнот во поезијата на Ацо Шопов. Раѓањето на зборот/песната се поврзува со првата искра, а таа со првиот оган, т.е. со праогнот.

Оттука произлегува и важната констатација на авторката дека феноменот на раѓањето на зборот во поезијата на Ацо Шопов „не е само негова поетолошка константа, туку и значајна појава во современите текови на македонската поезија.“

Слична асоцијација на концептот на праегзистенцијата може да не упати и кон еден друг великан на јужнословенската книжевност – Петар Петровиќ Његош и неговата философско-религиозна поема „Лачот на Микрокосмосот“, каде што е содржана идејата за „бесмртната божествена искра“, како своевидна симболизација на светлината, добрината, љубовта во човекот, чие потекло е детерминирано од праегзистенцијата, т.е. од апсолутната стварност. Николовска, во стиховите за долгото надоаѓање на зборот од тишината, темнината, од небиднината, препознава вистинска космогонија на создавањето во песните на Шопов: „зборот се двои од темнината/ модар јаглен му гори во утробата“, а раѓањето на зборот

се поврзува со „првата искра, со првиот оган“ на праматеријата, како иманентна и неопходна супстанција на песната.

Јулија Кристева зборува за меланхолијата како за „тага слична на бездна, за неискажлива болка која понекогаш и четопати долготрајно, нѐ обзема до таа мера што не тера да ја изгубиме желбата за зборување и дејствување...“ и прашува: „Од каде доаѓа ова црно сонце? Од која ли бемислена галаксија неговите невидливи и тешки зраци ме оковуваат за земјата, за креветот, за молкот, за одрекувањето?“ (Кристева: 9).

Темата ‘црно сонце’ е присутна повеќепати во стихозбирките на Шопов. Во книгата на Николовска црното сонце е „знак на познавање, не само на поезијата на Шопов, туку и на нашата поезија во светот“. Според авторката, „во срцевината на синтагмата „црно сонце“ – лежи моќен длабински оксиморон, како најинтензивен метафорички израз во кој владеат спротивностите.“ (Николовска: 161)

Сепак, како клучна одлика на целокупното поетско творештво на Ацо Шопов, авторката ја посочува небиднината – како симбол на пресврт, перманентно враќање на поетот кон супстанцијалниот базичен топос, но и како своевидна трансцедентална антиципација на неговото подоцнежно творештво или, искажано со зборовите на поетот: „Небиднината јас ја сфаќам како остварување низ неоствареност... До тоа сознание не дојдов наеднаш и свесно, туку тоа е резултат на моето поетско искуство, до кое јас со секоја песна се доближувам.“ (Николовска: 152)

Основниот став на Николовска во толкувањето на концептот на небиднината е позицијата на ‘центар’, ‘среде’ со аргументирана тежина таа се повикува на сфаќањето на небиднината како метафора на еден „примордијален егзистенционалистички концепт“, заради кој повеќето толкувачи го поистоветуваат трагичното чувство на небиднината со димензија на нашето колективно постоење.

Сепак, авторката Николовска со право нѐ потсетува и на чудесната способност на јазикот на поезијата (на уметноста) да го именува ништото, недофатливото, неименуваното, сонуваното, што најдобро се отсликува со нејзините зборови: „Неговата поезија, пред сѐ плени како контемплативна лирика која всушност длаби, необично длабоко, темелно и суштински. Тоа ја доведува поетиката на Шопов до постојани процеси на распластвување на значењата, но и умножување на толкувањата кои емитуваат прекрасна лирско-интимистичка енергија кон нас.“ (Николовска: 170)

Последниве зборови на авторката се уште една важна афирмација на вонвременската поезија на Ацо Шопов, затоа што таа во многу нешта навистина ја задолжи, не само македонската поезија, туку и јужносло-

венската, европската и светската книжевност. Затоа што и во светски рамки само кај исклучителните писатели-поети може да говориме за автохтона поетика која ги поминала сите развојни фази до нејзиното конечно конституирање како лирика со највисоки уметнички квалитети. Токму, студијата *100 години Шопова светлина* на Кристина Николовска, со сета сериозност, квалитет и широчина на научниот пристап, одново го покажува и го докажува тоа.

**Библиографија:**

Кристева, Ј. 2021. *Црно сонце*, Скопје, Артконект.
Николовска, К. 2023. *100 години Шопова светлина*, Скопје, Панили.
Dictionary of Philosophy. 1964, Larousse.